**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**02-Су.бр.63/19**
**01.08.2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" број 58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" број 96/19), како и врз основа на член 112, член 113 став 4 и член 179 став 1 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија" број 66/13 и 114/14), В.Д. Претседателот на Основниот граѓански суд Скопје, на ден 01.08.2019 година, донесе:

# ГОДИШЕН РАСПОРЕД

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ РАСПОРЕД ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

I. Во Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, 02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година и 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година, во Дел трети „Судски оддели", во поддел I. „Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови", во точка 1, се бришат алинеја 13, која гласи „Марија Скалова (XIV)" и алинеја 27, која гласи „Благица Ѓошевска (XXXIII).

Алинеите 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26 стануваат алинеи 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, а алинеите 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35 и 36 стануваат алинеи 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34.

II. Во Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, 02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година и 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година, во Дел трети „Судски оддели", во поддел I. „Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови", во точка 2, зборовите „Марија Скалова" и зборовите „Благица Ѓошевска", како и запирките после овие зборови, се бришат.

III. Во Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, 02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година и 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година, во Дел трети „Судски оддели", во поддел I. „Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови", во точка 2, по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- П5 (граѓанска одговорност за навреда и клевета)".

Алинеите 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 стануваат алинеи 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11.

IV. Во Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, 02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година и 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година, во Дел трети „Судски оддели", во поддел I. „Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови", точката 4 и точката 5 се бришат.

Точката 6 станува точка 4.

V. Во Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, 02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година и 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година, во Дел трети „Судски оддели", поддел III. „Оддел за работни спорови", во точка 1, се брише алинеја 9, која гласи „Љупчо Спироски (IX)".

Алинејата 10 станува алинеја 9.

VI. Во Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, 02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година и 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година, во Дел трети „Судски оддели", во поддел III. „Оддел за работни спорови", точката 3 се брише.

Точката 4 станува точка 3.

VII. Овој распоред влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето.

**Образложение**

Со Решение број 02-1010/1 од 09.07.2018 година на Судскиот совет на Република Македонија, Љупчо Спироски, судија на Основен суд Тетово, Благица Ѓошевска, судија на Основен суд Крива Паланка и Марија Скалова, судија на Основен суд Куманово, времено се упатени за вршење

на судиската функција во овој Суд, сметано од 01.08.2018 година, најдолго за период од една година од денот на упатувањето.

Според Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година (02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година и 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година), судијата Љупчо Спироски е распореден во Одделот за работни спорови, а судијата Благица Ѓошевска и судијата Марија Скалова се распоредени во Одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови.

Временскиот период за кој именуваните судии се времено упатени за вршење на судиската функција во Основниот граѓански суд Скопје измина.

Според член 179 став 1 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ" број 66/13 и 114/14), во случај кога судијата повеќе не работи со одреден вид предмети (разрешен, распореден во друг оддел, распореден на друг вид на предмети, подолго отсуство) претседателот на судот донесува изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судот.

Имајќи предвид дека временскиот период за кој именуваните се времено упатени за вршење на судиската функција во Основниот граѓански суд Скопје измина, В.Д. Претседателот на Основен граѓански суд Скопје изврши изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судот за 2019 година.

Воедно, В.Д. Претседателот на Основниот граѓански суд Скопје одлучи како  под III од овој Годишен распоред за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, како и под IV кога ја избриша точката 4 во Дел трети „Судски оддели", во поддел I. „Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови" од Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година,  02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година и 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година, ако се има предвид обемот на работа, приливот на предмети, бројот на судии, како и видот на надлежноста на Основниот граѓански суд Скопје предвидена со Законот за судовите („Службен весник на РМ" број 58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" број 96/19).

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**В.Д. ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ILIR SULEJMANI**